## Известување за начинот на пополнување на рубрика за приложени документи во НКТС за раздолжување на гаранција задолжена во претходна постапка

Во врска со примената на НКТС и поднесување на транзитна декларација во истиот, за раздолжување на гаранција задолжена во претходна постапка (на пример, гаранција за просторија повеќекратно привремено чување или гаранција за постапка со економски ефект) се наметна потреба од дообјаснување за постапување на главните обврзници при пополнување на рубрика 44 од транзитна декларација (приложени документи), како и постапување на царинските службеници при спроведување на постапкта.

Имено, при повуикување на рубрика 44 од транзитна декларација прикажано на Слика 1 се избира шифрата ZZZ кој се однесува на други документи.




По избирање на шифрата ZZZ во полето референтен број на документ за првото наименување, се внесуваат податоци за предметната гаранција која треба да се раздолжи, а која била применета во претходна постапка, како е прикажано на слика 2.




При тоа се внесува податокот G20 5000/9001037003 каде што G20 е ознака за раздолжување на гаранцијата, па едно празно место , па потоа 5000 е износ во денари кој се раздолжува и 9001037003 е евидентниот број на гаранција која се раздолжува и која била задолжена во претходна постапка.